# Macedonian A: literature – Higher level – Paper 1
# Macédonien A : littérature – Niveau supérieur – Épreuve 1
# Macedonio A: literatura – Nivel superior – Prueba 1

Friday 8 May 2015 (afternoon)
Vendredi 8 mai 2015 (après-midi)
Viernes 8 de mayo de 2015 (tarde)

2 hours / 2 heures / 2 horas

---

### Instructions to candidates

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a literary commentary on one passage only.
- The maximum mark for this examination paper is **[20 marks]**.

### Instructions destinées aux candidats

- N’ouvrez pas cette épreuve avant d’y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire littéraire sur un seul des passages.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d’examen est de **[20 points]**.

### Instrucciones para los alumnos

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario literario sobre un solo pasaje.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es **[20 puntos]**.

2215 – 0129



© International Baccalaureate Organization 2015

https://xtremepape.rs/

Направете литературна анализа на само **еден** од извадоците:

**1.**

**Завист**

Им завидувам на колегите
универзитетски професори
кои читаат на предавањата
од пожолтените листови
испишани пред многу години
кога тие биле млади.

Им завидувам на поповите
кои добро си ја познаваат
и наизуст си ја владеат
својата единствена книга,
без оглед што таа е
долговечна и света.

Им завидувам на политичарите
што единствено знаат
да ги повторуваат зборовите
од своите програми
со постојано навраќање
кон економијата, Европа и НАТО.

Им завидувам на македонските
прочуени писатели кои освен
сопственото генијално дело,
и делата на истомислениците,
не прочитале ништо друго
а мислат дека сѐ си знаат.

Им завидувам на бизнисмените
што ги читаат Куељо и Ден Браун
како врв на книжевноста во светот
и со таквата лектира се фалат
низ седмичните семејни магазини
исполнети со возбудливи содржини.

Им завидувам на оние што возат
прескапи автомобили и џипови
а пепелниците ги испразнуваат
на улици пред семафори,
додека пластичните шишиња
ги фрлаат возејќи низ природа.

https://xtremepape.rs/

Им завидувам на сите оние
што купуваат (или добиваат)
најскапи билети за концерти
на музичари со светска слава,
а потем ракоплескаат меѓу ставовите
фаќајќи со нозете ритам.

Им завидувам на сите нив,
а се радувам и се чудам
како воопшто сум опстојал
и не сум станал досега еден од нив!

Иван Џепароски, *Грабнувањето на Европа* (2012)



https://xtremepape.rs/

**2.**

## Станицата Пјерфит

Плочата со натпис *Пјерфит* ѝ даваше на напуштената железничка станица дополнителна дража. Шините обраснати во трева, добро сочуваната зграда и празниот перон, кој се чинеше тукуштo напуштен, мамеше на чекање. Сетете се само на оние ретки и токму затоа скапоцени мигови апсолутна ведрина кога ни самите не сте знаеле да објасните од каде ве пресретнало тоа боговско чувство! За разлика од среќата за која секогаш мора да постои некој добар повод, ведрината е чувство кое се храни со откршоци од баналноста, со најнеочекувани ситници кои, ете, како натписот *Пјерфит*, кој мене како странец на прв поглед ми се допадна, способни да повлечат некој чкрапец во нашето битие и да произведат еднократна емоција, да распрснат радост како од детски пиштол на вода. А после, кога би можеле да ги издвоиме разните детали, „причинителите“ за ланските радости и сите да ги наредиме еден до друг – каков би бил тоа музеј на непотребни старини, бедни огризоци на стварноста која некогаш била, признаваме, толку едра! Сончев ден, невообичаено топол за декември.

„Погледни ги боровите“, ми обрнува внимание Ани.

Гледам. И гледам само борови. „И?“ прашувам. „Што е работата?“ Ми покажува со прстот кон врвовите на дрвјата: „Ма горе, она сосем горе, гледаш сега? Како некое животно.“

„Ѕверка не е“, велам. „Не е ни птица.“

„А што е тогаш?“ инсистира Ани. „Не е белки ветроказ!?“

Не одговорив. Беше очигледно дека врвот на секое дрво е изглодан на ист начин. Да не е клукајдрвец? се прашав. Веќе и самата помисла дека причина за необичната појава може да биде внатрешна, дека би требало да ѝ се припише на некоја болештина која ги нагризува боровите одозгора надолу, во миг се закани да ѝ го измолкне ослонот на светоста на ведрината која, тоа рано попладне, само некој миг порано, целиот ме обземаше. Погледнав на саатот и реков:

„Уште малку па три.“

Како да не ме чула, Ани веќе го насочи вниманието кон нов предмет на интересирање. Во таа млада жена имаше нешто детско, што отпрвин ме привлекуваше. Со тек на време сфатив дека трпеливо и со полна свест го негува тоа „нешто детско“ во себе, го обликуваше како ноктите или веѓите, во грациозна стилизација. Таа забелешка еднаш ја изнесов пред Жан-Марк. Се сложи. Нели е необично што нејзиниот маж низ годините ми стана поблизок од самата Ани? Обајцата се плашевме дека мимиката на девојчето, кокетноста на нејзиното лутење, доколку ја задржи во староста, би можела да прерасне во гротескна маска. За среќа, тој момент беше сѐ уште далеку, многу далеку.

Ме фати за рака и ме поведе кон зградата на железничката станица. Вратата беше заклучена и потпрена со косо закована штица, прозорците одамна без сталка, заградени со летвички меѓу кои сепак, низ пукнатините, се отвораше поглед кон внатрешноста на куќата како на шуплив заб кому одамна му е изваден нервот па однадвор потемнел, а однатре престанал да боли. На големиот, типично станичен часовник стрелките покажуваа три и десет.

Сибила Петлевски, *Мојот Антонио Диаволо* (2010)

https://xtremepape.rs/